Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св. Климент Охридски
Бр. 02-56/9
12.01.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 462 од 18.10.2019 г.), Наставно научниот совет на својата седница одржана на 12.1.2022 г., донесе:

**ОДЛУКА**
за дополнување на Правилникот за
педагошка доквалификација, број
02-491/5 од 6.9.2021 год.

1. Се дополнува Правилникот за условите, постапката, начинот и правилата на студирање на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски„ во Скопје, заверен под број 02-491/5од 6.9.2021 год.

2. Согласно т. 1 на оваа Одлука, во претпоследниот ред на воведот на цитираниот Правилник, после запирката, пред зборовите: „Наставно-научниот совет на“, се додаваат зборовите: „во согласност со Правилникот за условите, постапката, начинот и правилата на студирање на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (Сл. весник бр. 241/2020 и бр. 11/2021)“.

3. Пречистениот текст на воведот на цитиртаниот Правилник од т. 1 на оваа Одлука, ќе гласи:

„ Врз основа на член 3 од Законот за наставниците и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник бр. 161/2019), член 141 од Законот за високото образование (Службен весник бр.82/2018), член 284 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 462 од 18.10.2019 г.), во согласност со Правилникот за условите, постапката, начинот и правилата на студирање на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (Сл. весник бр. 241/2020 и бр. 11/2021), Наставно – научниот совет на својата седница одржана на 12.1.2022 год., го донесе следниов“.

4. Во се останато остануваат во сила одредбите на постојниот Правилник, цитиран во точка 1 на оваа Одлука.

5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- Декан и продекан за настава
- Секретар
- Советникот за работење во медијатека
- Архива

**Декан,**
**Проф. д-р Емиљ Сулејмани**